УПРАВЕН ОДБОР НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## СОСТАВ

Управниот одбор на Државниот испитен центар, согласно член 5, став 2 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16 и 142/16), се состои од седум члена од кои еден е претседател, а истите ги именува и разрешува Владата на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Со Решението на Владата на Република Македонија, бр.24-4878/1, донесено на 03.08.2017 година, именувани се претседател и членови на Управниот одбор на Државниот испитен центар, во следниот состав:

1. ***Претседател*** *на Управниот одбор на Државниот испитен центар*

- *Хикмете Селмани*, вработена во Министерството за образование и наука

2. ***Членови*** *на Управниот одбор на Државниот испитен центар*

- *Билјана Михајловска,* вработена во Државниот испитен центар
- *Трајанка Аврамовска,* вработена во Државниот испитен центар
- *Мите Стефановски*, вработен во Бирото за развој на образованието
- *Лидија Кондинска*, вработена во Бирото за развој на образованието
- *Ридван Зеќири*, вработен во Центарот за стручно образование и обука
- *Ицко Ѓоргоски*, претставник на Интеруниверзитетската конференција

Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од шест години и можат само уште еднаш повторно да бидат именувани.

## НАДЛЕЖНОСТИ

Управниот одбор на Државниот испитен центар, согласно член 7 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16 и 142/16), ги има следниве надлежности:

- го донесува статутот на Државниот испитен центар;
- ја донесува годишната програма за работа на Државниот испитен центар и ја доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари;
- ја донесува завршната сметка;
- го донесува годишниот извештај за работењето на Државниот испитен центар и го доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари;

- дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работните места на Државниот испитен центар;
- одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во Државниот испитен центар;
- донесува деловник за својата работа и
- врши други работи утврдени со Статутот.